Фани БУЦКОВА

## ХЕРОИЊАТА НА ВИЧО И ГРАМОС ТИНА АНДРЕЕВА — ЦВЕТА

По победата на фашистичка Германија, во Грција не беше воспоставен демократски поредок како што се очекуваше, туку на власт, со помош на англиска интервенција, дојде реакцијата која веднаш почна да ги гони демократите и комунистите. Острицата на камата ја впери особено против Македонците, со крајна цел да го збриши словенското обележје на македонската територија.

За да ги постигне своите цели реакцијата не бираше средства. Прогонувањето на Македонците се спроведуваше отворено. Регентот Дамаскинос, на 10 февруари 1945 година, одржа говор во Солун со што ги канеше Грците да делуваат на секаков можен начин против Македонците за да се истреби еднаш за секогаш македонското малцинство и да се исчисти таа територија (Македонија) од една таква раса.[1])

Таква политика на истребување почнаа да спроведуваат монархофашистите доследно низ сите села и градови во Егејска Македонија. „Некои ќе убиеме, некои ќе истераме и ќе го истребиме македонското население, така што кога ќе дојде кралот да не најде Македонец", викаа монархофашистите низ воденските, костурските и леринските села.[2])

„Овде е Грција и само Грци ќе живеат. Вас Македонците сосема ќе ве сотреме" — викаа бурандадите и одредите на безбедноста.[3])

Македонците беа подложени на целосно уништување. Се ограбуваше нивниот имот, се палеа куќите, затворите се полнеа со невини луѓе. Беше доволно да се декларираш дека си Македонец па да бидеш убиен или уапсен.[4]) Жените и девојките

---

1) Вес. „Победа", орган на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, бр. 1, јануари 1947.

2) АМ, збирка: „Егејска Македонија во НОБ, 1945—1949", АЕ: 468, декември 1946.

3) Исто, АЕ: 467, декември 1946.

4) Исто, АЕ: 410, август 1946.

беа обесчестувани на најбрутален начин.[5]) Македонскиот народ претрпувал многустрано понижување и за да се спаси од едно такво зло беше принуден да бега во планините и преку граница, или да грабне пушка в раце за да се спротивстави на непријателот. Затоа Македонците излегоа меѓу првите формирајќи, во почетокот, мали партизански групи, кои подоцна прераснаа во одреди.

Во ваквите одреди не беше мал бројот и на жените Македонки кои го оставија српот и мотиката и грабнаа оружје како и мажите за да извојуваат национални права во рамките на една демократска Грција. Во редовите на Демократската армија се бореа против фашизмот со пушка в рака 3.000 млади Македонки, како обични борци или како офицери, комесари на единици и политички раководители.[6]) Многу од нив се истакнаа и како херои. Меѓу нив е и Тина Андреева-Цвета, чие име ќе стане легенда низ целиот борбен Вичо и Грамос.

Хероизмот на Цвета им даваше инспирација на многу писатели — борци на Демократската армија да напишат раскази за неа, за таа млада Македонка во чие срце духот на Илинден се втиснал уште од нејзините најрани години.[7]) Таа како да беше историја на својот народ; го почувствува тешкиот залак на сиромаштијата, го доби првото горко сознание за црната диктатура на Метаксас и силно го почувствува камшикот на монархофашистите.[8]) Затоа кај неа сè повеќе ќе расте гневот и омразата кон угнетувачите и еден ден сама ќе го избере тешкиот но најправеден пат: борба за живот, борба за опстанок, борба за национално достоинство. На 18 години Цвета стана партизанка, а на 19 беше прогласена за херој. Споменот за неа на нејзините соборци и на сите оние што ја познаваа и до денес не згасна: „Беше насмеана и постојано распеана, си спомнуваат сите тие, со чувство на другарство и борбен дух во срцето. Во борбата станувашe молња и јуришаше само напред. Ја сакаа и почитуваа сите. Особено ѝ се восхитуваа на нејзиниот необичен хероизам и пожртвуваност. Влегуваше во борбата не жалејќи за својот живот, а беше млада и убава. Не многу висока и малку полничка, но чудно енергична и јака. Очите со боја на лешник, бистри и итри, станувааа секавични кога гледаа во непријателот, а тажни и солзни кога ги гледаше болките и маките на својот народ".

Родeното име на Цвета е Тина Андреева. Родена е во убавото костурско село Мокрени во 1928 година.

---

[5]) Исто, АЕ: 467, декември 1946.

[6]) ИНИ, „Славомакедонката во борбата", издание на Главниот одбор на НОФ на Македонците од Ег. Македонија (1947).

[7]) АМ, Ал. Парнис: „Цвета", вес. ..Прос ти ники", орган на Главниот штаб на ДАГ, 1949.

[8]) АМ, А. Пинду: „Катина", вес. „Махитрија", орган на Главниот штаб на ДАГ за женски прашања, 20 мај 1949.

Татко ѝ Кузман Андреев, бил принуден да се бори постојано со сиромаштијата за да го прехрани шесточленото семејство. Тина беше најмалото дете од четирите деца на Кузман и Циља.

Слушајќи приказни, што немале крај, за подвизите на нејзиниот стрико Никола, прочуениот костурски војвода, кај малата Тина ќе се всади чувство на гордост и кога ќе заоди прв пат на училиште таа ќе биде љубопитна зашто и сликата на стрико ѝ Никола не е до оние, закачени на ѕидот во училиштето, што претставуваат славни грчки јунаци кои се бореле против Османлиите. Тина не беше задоволна и од одговорот на татко ѝ, велејќи ѝ дека ќе дојде и тој ден кога и сликата на стрико ѝ ќе ја гледа гордо истакната. Но Тина и понатаму негодуваше зашто учителот да не им кажува убави приказни за стрикото Никола кога и тој бил голем јунак, како и оние чии слики виселе на ѕидот, зашто и тој се борел против Османлиите како и тие.

Тина никако не можеше да ги заборави зборовите на еден стар човек од селото, кој доаѓал често кај нив за да позборува со татко ѝ за старите времиња и за славниот војвода Никола. „Тешки времиња дојдоа за нас Македонците“, ќе речеше тој. „Ја раздробија Македонија и како да се живее сега кога сме без срце и душа. Овие, сè додека не нè погрчат не ќе имаат раат во душата. Словени сме и еден ден ќе нè збришат сосема. Во лоши раце паднавме и ајде трпи ако можеш“.

Тина низ солзите на тој стар човек сфати дека на Македонија ѝ е сторена голема неправда и затоа тој плаче за нешто одземено, за нешто откинато и сè повеќе доаѓаше до сознание за својата национална припадност.[9])

За време на мрачната диктатура на Метаксас,*) Тина дојде до првото искушение. Еден ден татко ѝ го затвориле властите обвинет за „бугарска“ пропаганда. Тина тогаш имаше околу десет години. Имено нему и уште на петорица други од селото им препишуваа дека ги залепиле на вратата од селската полиција паролите: „Да живее мајка Б’лгарија“, „Да живее цар Борис“. Но едно девојче, врсничка на Тина, случајно видело дека паролите ги залепиле кметот на селото и началникот на полицијата. Тоа беше чиста провокација.[10])

Бидејќи девојчето се плашело да ја каже вистината и на други, Тина се решила сама да го стори тоа. И од куќа в куќа им раскажала на сите селани за случајот, но полицијата на-

---

[9]) Според кажувањата на Дота Чулева, родена во село Мокрени — Костурско, а сега жител на град Скопје.

*) Метаксас (1936—1940). За време на неговата диктатура беа осудени и казнети 5.250 Македонки, со обвинение дека зборувале на македонски јазик.

[10]) Според кажувањата на Дота Чулева.

брзо ја фаќа и ја одведува во Општината. Кога ја прашале од кого разбрала дека тие ги залепиле паролите, Тина ги стегнала тупаниците и мирно одговорила: „Нема да ви кажам". Ја прашале уште неколку пати со добро, но одговорот бил ист. На крајот хорофилакот (полицаецот) изгубил трпение зашто не можеле ни збор да откопчат од едно мало девојче, ја зграбил со бес за рамениците и по образот ѝ удрил една силна шлаканица. „И сега нема да ви кажам" им рекла отсечно Тина, настојувајќи да не пушти солза од бол.[11])

За време на германската окупација, Тина беше една од најактивните младинки во селото.

Во 1944 година, кога Германците почнаа да се повлекуваат, во некои села од Костурско и Леринско беа формирани културно-уметнички групи кои даваа драмски претстави на македонски јазик. Таква група беше формирана и во селото Мокрени.[12])

Младите од ова село засилено ја подготвуваа драмата „Македонска крвава свадба" за да се претстават во селото Емборе и во некои други села од Кајларско. Улогата на убавата Цвета ѝ беше доделена на Тина. Таа се соживеа со улогата и толку убедливо ја играше што по првата претстава сите почнаа да ја викаат Цвета. Еве ја Цвета, велеа децата штом ќе ја видеа Тина. По име Цвета почнаа да ја викаат и нејзините другарки, дури и домашните почнаа да ја викаат така. Цвета ќе ја викаат подоцна и партизаните на Вич и Грамос и со гордост и восхит ќе го изговараат тоа име. Постепено името Тина сè повеќе се заборавае, а Цвета стануваше сè попознато и пославно.[13])

Уште во почетокот на 1945 година, монархофашистите почнаа да спроведуваат масовен терор низ многу села во Егејска Македонија. Така, на пример, во пролетта, една вооружена банда влезе во селото Мокрени вршејќи грабеж и др. Од селаните грабнаа 5.000 глави овци, над стотина глави крупен добиток и ја дигнаа покуќнината од сите куќи освен од две-три фамилии кои беа третирани како гркомани. Една жена убија, а останатите жени од селото ги претепаа сите. За време на овој настан, сите мажи од селото беа избегани во планините. Тоа го сториле веднаш штом разбрале дека кон селото се доближува вооружена монархофашистичка единица. Некои од нив се вратиле во селото по неколку дена, а една група од 13 души остана во планината, со цел да им се спротивставува на идните ограбувачки намери на фашистите. Групата, во поче-

---

11) АМ, „За света народна слобода", издание на Слободна Грција, с. 32.

12) Ристо Кирјазовски: „Некои моменти од културно-просветната дејност на Македонците од југозападниот дел на Егејска Македонија во време на НОВ", Гласник на ИНИ бр. 3, Скопје, 1972.

13) АМ, Ал. Парнис: „Цвета", вес. „Прос ти ники", 1949.

токот дејствуваше само во мокренскиот реон, но таа секојдневно растеше. Во неа се вклучуваа нови борци, така што почна да дејствува и пошироко. Поради постоењето на оваа партизанска група, монархофашистите не се осудуваа да навлезат уште еднаш во селото како во пролетта на четириесетипеттата.[14])

Летото, истата година, во Мокрени беше формиран Народноослободителен фронт — НОФ, во чии рамки делуваше Антифашискиот фронт на жените — АФЖ и младинската организација — НОМС.[15]) Во редовите на македонската антифашистичка организација, се вклучија веднаш голем број мокренци, иако во селото истата година беше поставена полициска станица. Жените, особено младинките придонесоа многу за реализирање на поставените задачи од страна на НОФ. Тие работеа неуморно. Собираа храна и облека за партизанските групи и успеваа да ја дотурат до месноста наречена „Васков Рид“, каде што беше складиштето на партизаните .

Цвета стапи меѓу првите во редовите на младинската организација. Таа заедно со своите другарки: Лена, Дота, Анета и др. беа ангажирани со собирањето на облека и храна.[16])

Активноста на младинската организација беше откриена од страна на полицијата во селото. Беа повикани на сослушување неколку девојки, но се решија да се јават само Цвета и Дота Стојанова, цврсто решени и што да им се случи ни збор да не кажат за организацијата.

Измачувањето не ги потклекна двете младинки. Тие никого не издадоа и ништо не кажаа. Но овој пат Цвета не можеше да каже „Не ви кажувам“ како тогаш пред астиномот кога имаше десетина години. Сега силно ги стегна тупаниците и трпеше. Ја пуштија на слобода, но уште еднаш Делис не успеа да ја уапси Цвета. Таа стапи во редовите на партизанските одреди и отворено се бори против фашистите. Според некои извори се вели дека Цвета стапила во партизаните на 6 септември 1946 година,[17]) според други во почетокот на 1947 година.[18]) Оттогаш за неа се отвори нова страница на животот, страница на борби и смели подвизи, страница на хероизам. Таа млада Македонка на 19 години ќе стане херој, а нејзиното име ќе израсне во легенда.

Во декември 1948 година, кога Уранија Алиломова*) ја прочита веста дека Тина Андреева-Цвета, политички комесар

---

[14]) ИНИ, Монографија за селото Мокрени, во ракопис.

[15]) Исто.

[16]) Според кажувањата на Дота Чулева.

[17]) АМ, „Ироес ќе мартирес“, издание на „Нова Грција“, септември 1954.

[18]) АМ, „Нова Македонка“, орган на АФЖ за Ег. Македонија, бр. 2, 1949.

*) Уранија Алиломова, уредник на списанието „Нова Македонка“, кое излегува од 1. III. 1948 до јули 1949.

на вод во 107 бригада, учествувала во 80 битки и за нејзиниот хероизам е одликувана со орден за храброст, си спомна за првата средба со Цвета: „Беше месец јануари 1947 година. Некаде таму на планината Вичо, над Варчорската височина, една група од 35 млади партизани и партизанки, се пробиваше да стигне до Штабот, долу во селото. Снегот беше до колена и од силната виулица, снежна прашина ги заслепуваше очите. Тешко се одеше. Но една од групата брзаше да излезе прва. Паѓаше и стануваше, потоа се губеше во снегот и ништо не се гледаше освен нејзината бујна коса над белата снежна покривка. Потоа пак ја гледавме раздвижена и забрзана, го цепеше снегот и ни правеше пат. Тоа беше Цвета. Здрава и силна како волчица. До селото имаше уште многу за одење. Чувствувавме замор и потреба од одмор и затоа кај една мала рамнинка застанавме. Запаливме два огна и раседнавме околу нив. Потпрена на една бука, јас малку задремав иако не смееше тоа никој да го стори. Но едно силно кикотење, што доаѓаше од спротивниот оган, ме разбуди, потоа еден ѕвонлив глас ја започна песната: Партизан за бој се спрема... Таа која така весело се кикотеше и пееше беше Цвета. Стана прва и го започна орото, потоа ѝ се придруживме сите. Така потребата од сон беше совладана.

Еден друг јануарски ден, во приквечерината, се даде заповед да се удри непријателот во едно од неговите гнезда. Една група од 12 партизанки не бевме определени да учествуваме во акцијата бидејќи немавме соодветно оружје. Меѓу нив беше и Цвета. Заради тоа таа беше нерасположена и налутено негодуваше: ‚Какви партизанки сме ние? Дојдовме да седиме или да се бориме?' Цвета навистина имаше право што така негодуваше. Такво непријатно чувство нѐ беше обземало и нас другите, но излез не можевме да најдеме. Се обидувавме да заспиеме, но мислата кон другарите кои заминаа во акција сѐ повеќе нѐ вознемируваше. Лежевме во темнината и молчевме сите. Кога се раздени Цвета ја немаше меѓу нас. Ни доаѓаа чудни мисли. Зарем можела да изега или да се предаде на непријателите? Се прашуваше секоја во себе, плашејќи се да не го искаже гласно зашто кој би поверувал дека може такво нешто да стори Цвета! Но сепак нејзиното лошо расположение нѐ тераше да помислиме и на тоа.

Кон пладне нашите сомневања паднаа во вода. Од ридот се слушна песна. Беше гласот на Цвета. Кога излезе пред нас одвај ја препознавме. Врз себе го немаше дебелиот волнен џемпер и малината под него, ниту ластикените опинци на нозете. Беше облечена во нова бурандарска униформа, а на рамо носеше пушка. Седна на еден камен и почна да ја чисти пушката како да сака да ги збрише трагите на оној кому дотогаш припаѓала. Се собравме сите околу неа и ја замоливме да ни раскаже како успеала такво нешто да стори. ‚Ми беше жал да

убијам таков бедник', ни рече таа. ,Се тресеше како листот на дрвото кога му реков дека сум партизанка и дека зад мене доаѓа цела бригада. Ќе го спасам му реков само ако ми ја даде униформата и пушката. И го оставив да оди гол кај Англичаните за да му дадат друга униформа'. Го рече тоа Цвета и се раскикоти и среќна дека има пушка ја фрлаше во воздухот пеејќи. Се чувствувавме многу непријатно ние другите што не го сторивме истото, но со Цвета кој можеше да се мери".[19])

Оттогаш за Цвета се нижеа битките една по друга, а со тоа и нејзините херојски подвизи. Беше издржлива на сите тешкотии што ги создаваше борбата: студот, гладот, непреспиените ноќи и сл. Но чувството за другарство никогаш не згасна кај неа. Еден ден, случајно се сретна со еден соселанец, некаде таму на Грамос. Беше пресреќна што можела да слушне нешто за своите дома. Но кога разбрала дека три дена ништо не каснал, таа го извади парчето леб што го чуваше во торбата и му го подаде. „Земи го и закрепи се", му рече таа. Добро знаеше и тој дека тоа ѝ е последно парче леб и кој знае уште колку дена ќе мора да се поткрепува со тоа. Но Цвета настојуваше. На крајот и тој попушти, но под услов да го делат парчето леб. Се чудеше од каде тоа црвенило на нејзините образи при такви тешки услови. Кога ја праша, таа шеговито му одговори: „Дар на мајката природа, а освен тоа важно е да не мислиш на гладот, туку на нешто друго што те прави постојано да бидеш преокупиран со мислите, а тоа е борбата за слобода, борбата за едно поубаво утре.[20])

Цвета беше распеана и храбра партизанка и не жалеше кога во борбата косеше во непријателот со својот шмајзер. Но за една случка со тага во душата си спомнуваше. Имено, во една битка кај Коница, таа самата зароби шестмина бурандади.[21]) Ги доведе во бригадата и му ги предаде на командантот.

— Стрелај во нив веднаш! Ѝ заповеда тој.

Цвета ги погледна шестмината заробеници и се сети на зборовите на едниот од нив: „Остави ме сестро, јас сум мобилизиран војник и не мислам лошо за вас партизаните. Сожали се на моите четири деца".

— Стрелај! Заповеда пак командантот. Ако не стрелаш ти во нив јас тебе ќе те стрелам!

— Стрелај друже команданте, но јас во нив не стрелам. Судете им а потоа ако треба стрелајте ги. Го рече тоа Цвета и

---

[19]) Уранија Алиломова: „Тина Андреева-Цвета", спис. „Нова Македонка", бр. 2, 1949.

[20]) Според кажувањата на Ѓорги Ефтимов, село Мокрени — Костурско, борец на ДАГ, а сега жител на Скопје.

[21]) АМ, вес. „Махитрија", стр. 5, 10 јули 1949.

се упати кон една бука. Се допре на неа и ги замижа очите да не гледа во она што се случуваше долу во лединката.[22])

Покрај тоа што Цвета се изградуваше како примерен борец, во тек на војната, таа политички и идеолошки се издигнуваше. Во почетокот на 1947 година го заврши курсот за подофицери што се одржуваше во с. Котелци.[23]) Од обичен борец стана десетар, потоа политички комесар на вод, потпоручник, а по нејзината смрт е унапредена во чин капетан.

Цвета ретко кога се оддалечуваше од првата борбена линија. Беше една од најпримерните борци на ДАГ и затоа беше испратена за делегат на I конференција на Сегрчкиот сојуз на демократските жени што се одржа во 1949 година. На оваа конференција учествуваа 325 жени-делегати од земјата и претставници на Меѓународниот сојуз на демократските жени. Цвета беше претставник на жените-борци од 18 бригада, а како претставник а сите жени-борци на ДАГ, беше избрана во работното претседателство на конференцијата.[24])

Покрај ова, Цвета учествува и на II конгрес на Народноослободителниот фронт (НОФ), беше претставник на партизанките од Вичо. Од конгресната трибина таа рече: „Другари, држејќи во нашите раце два вида на оружје, оружјето на братството и единството и оружјето на Демократската армија, ќе треба да ги исполниме сите решенија донесени на Конгресот за да биде оваа година победоносна“.[25])

Цвета силно веруваше во победата зашто и силно ја чувствуваше праведноста на таа борба. Копнееше да ја види Македонија национално слободна и за тоа се фрлаше во борбата не жалејќи за својот живот.

Хероизмот на Цвета му даде инспирација на А. Пинду да напише за неа: „Во едно ведро попладне со пушка на десното рамо, се јави во дивиот Вичо и рече: ‚Дојдов да се борам во вашата бригада другари.‘ И, оттогаш како пролет да се пресели во бригадата. Каде е Катина таму е песната, таму е радоста, За кратко време разбра цела бригада. Од каде е, како се борела, хероизам и пожртвуваност — цела историја на нашиот народ. Кога влегуваше во бој, огин и молња стануваше, што гори и пламти. Јуришаше храбро и се слушаше нејзиниот глас: ‚Удрете другари, Ура!‘

И таму на врвот, одеднаш татнеж, чад, потоа молк. Нејзиниот глас не се слушаше повеќе. Ја дигнаа другарите. Само очите по нешто ѝ зборуваа и чиниш тих шепот се шири: ‚Ме

---

22) Според кажувањата на Коста Чулев, борец во истата бригада со Цвета.

23) АМ, „Тина Андреева-Цвета“, спис. „Нова Македонка“, стр. 11, февруари 1949.

24) АМ, вес. „Махитрија“, 15 март 1949.

25) АМ, вес. „Махитрија“, 5 април 1949.

отргнаа од вас другари, но не ми го откорнаа срцето и омразата кон нив. Земете ја таа омраза и ставете ја на вашите оружја за да бидам и понатаму присутна меѓу вас и удрете, удрете, другари . . .' На нејзиното убаво лице како да се пресели целото сонце и грееше со зраците на Изгревот".[26])

Тина Андреева-Цвета загина на 13 мај 1949 година, во една битка на врвот Кулкутурје, на планината Вичо.[27]) Овој последен бој беше 90-ти во кој Цвета учествуваше. Заради хероизмот во оваа борба како и во претходните, ѝ е доделен посмртно и втор орден за храброст.

Веста за смртта на Цвета брзо се рашири низ целиот борбен Вичо и со голема тага борците ги читаа зборовите: „Саканата и на сите позната хероиња Цвета, падна херојски на врвот Кулкутурје".

Партизанките од 18 бригада, во која Цвета се бореше, по доаѓањето од Грамос, во чест на нивната соборка и другарка, издадоа весник и го именуваа „Ц В Е Т А". На насловната страница од весникот е фотографијата на Цвета со шмајзерот в раце, чиниш и мртва им се заканува на непријателите, а под фотографијата партизанките ја даваат својата клетва: „Ти се колниме другарке наша дека ќе се одмаздиме за тебе. Ти сè уште си наш пример што нè учи и води во борбата. Те сакаме и ќе те помниме вечно. Твојот народ е горд што израсна и воспита таква хероиња каква што си ти".[28])

Цвета, со својот хероизам покажан во борбите, нè обврзува да бараме и други податоци и вистини кои би го дополниле и осветлиле повеќе нејзиниот лик на жена-херој.

---

[26]) АМ, вес. „Махитрија", 20 мај 1949.

[27]) АМ, „Ироес ќе мартирес".

[28]) АМ, збирка „Егејска Македонија во НОБ 1945—1949", вес. „Цвета", кутија — печат.